OHRIDSKA BANKA
SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 22 март 2017 година

# Македонскиот виртуоз на виолина од светски ранг – Ева Богоевска – и Охридска банка Сосиете Женерал склучија партнерски договор

Охридска банка Сосиете Женерал и младата виолинистка Ева Богоевска ја најавија заедничката соработка со потпишување на партнерски договор во дирекцијата на Охридска банка Сосиете Женерал во Скопје.

Следејќи ја глобалната стратегија за спонзорства на Сосиете Женерал Групацијата за промоција, унапредување и поддршка на музиката преку Асоцијацијата за музичко меценство на Сосиете Женерал (Association Mécénat Musical Société Générale), Охридска банка Сосиете Женерал ќе биде верен поддржувач, промотор и партнер на Ева во претстојните предизвици во нејзината кариера.



„Поддршката на музиката најнапред подразбира поддршка на младите музичари. Талентите на денешницата, се предодредени да станат еминентни и препознатливи носители на музичката култура во иднината. Дел од нашите активности од аспект на промоција на општествено одговорни иницијативи е и поддршката на млади и амбициозни македонски потенцијали, а особено ни е мило што ја имаме можноста да имаме барем мал удел во исполнувањето на сонот на исклучително талентираната Ева. Во ова партнерство влегуваме со тенденција, покрај промовирањето на компанијата како општествено одговорна компанија, да ѝ ја обезбедиме на Ева сета наша поддршка и познавање на светот на музиката на ниво на групацијата Сосиете Женерал, бидејќи токму тоа е она што вистинскиот партнер би го направил", изјави при средбата **Стефан Туати**, член на Управниот одбор на Охридска банка Сосиете Женерал и директор на Сектор банкарство за население и маркетинг.

Првиот во низата настапи на Ева е претстојниот настап во „Карнеги хол" во Њујорк во април годинава, што е награда за нејзиното искачување на првото место на пиедесталот на фестивалот „Rondo Young Artist" во конкуренција на повеќе од 200 кандидати од целиот свет во категоријата виолина.



„На многу реномирани меѓународни натпревари за класична уметност и култура, во конкуренција на натпреварувачи, претставници од сите земји во светот, досега успевав да ги освојам првите места, поради што сум особено среќна и горда. Секоја моја победа на меѓународен фестивал ја доживувам не само како мој личен успех туку и како успех на нашата земја. Среќна сум што досега успевав да ја оправдам довербата на сите кои веруваа во мене и кои ме поддржуваа. Во таа смисла би сакала и да се заблагодарам на довербата и поддршката што ми ја даде Охридска банка Сосиете Женерал, бидејќи оваа поддршка е од огромно значење за мене како млад уметник кој ги освојува светските сцени. Ми претставува особена чест и задоволство да соработувам со Охридска банка Сосиете Женерал и, секако, оваа соработка за мене значи и дополнителен мотив да продолжам со успешната афирмација на нашата култура во светот и кај нас", изјави **Ева Богоевска.**

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Како општествено одговорна компанија, Охридска банка Сосиете Женерал активно учествува во промоцијата на вистинските вредности преку зачувување на традицијата, преку афирмација на културата, музиката и спортот и преку поддршка за ранливите категории на граѓани.

Повеќе информации за Охридска банка Сосиете Женерал се достапни на www.ohridskabanka.mk.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија" од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Гордана Јовановска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 649